**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6007 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Осмиот десетдневен период пред почетокот на изборната кампања, од 11 до 20 ноември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, опфати десет изданија на Дневникот на ТВ Телма од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 3 часа 55 минути и 42

секунди (3 часа 49 минути и 54 секунди прилози со претежно информативни жанрови - вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави и 5 минути и 48 секунди аналитички жанрови).

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Судство | 00:17:37 | 7,66 | % |
| Локална самоуправа | 00:08:44 | 3,80 | % |
| Граѓански сектор | 00:39:33 | 17,20 | % |
| Други субјекти | 00:29:41 | 12,91 | % |
| ДИК и други органи | 00:13:33 | 5,89 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:10:58 | 4,77 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:34 | 4,16 | % |
| Без субјекти | 00:12:08 | 5,28 | % |
| Влада на РМ | 00:09:38 | 4,19 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:02:18 | 1,00 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:51 | 6,02 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:21 | 2,76 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:54 | 0,39 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:05:16 | 2,29 | % |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:05:27 | 2,37 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:02:13 | 0,96 | % |
| СДСМ | 00:07:34 | 3,29 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:34 | 4,16 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:50 | 0,80 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:15 | 0,54 | % |
| Либерална партија | 00:01:08 | 0,49 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:02:57 | 1,28 | % |
| Коалиција Преродба со Беса | 00:00:23 | 0,17 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:04:30 | 1,96 | % |
| Специјално обвинителство | 00:06:01 | 2,62 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:01:06 | 0,48 | % |
| Левица | 00:00:30 | 0,22 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:37 | 1,14 | % |
| Привремена комисија | 00:01:07 | 0,49 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:18 | 0,13 | % |
| Беса | 00:00:48 | 0,35 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:00:30 | 0,22 | % |
| | **Вкупно: 03:49:54** | **100** | % |

Во овој извештаен период, најмногу време во Дневникот во 18 часот и 30 минути е одвоено за методолошките категории *„граѓански сектор"* (39 минути и 33 секунди), *„други субјекти"* (29 минути и 41 секунда) и *„судство"* (17 минути и 37 секунди).

Првозастапена категорија во овој извештаен период е *„Граѓанскиот сектор"* во која се опфатени пренесените соопштенија или пак директните обраќања на: Синдикатот на машиновозачите; Бојан Маричич,

МЦЕО; Фани Каранфилова Панова, директорка на Фондацијата отворено општество; Пеце Ристевски, републички синдикат; Бајрам Амити, претседател на синдикатот на Југохром; Кочо Андоновски, претседател на МААСО; Уранија Пировска, извршна директорка на Хелсиншкиот комитет; Павле Богоевски, граѓански активист; Слаѓана Тасева, Транспаренси Интернешнл; Ѓорѓе Хамбов, национален Сојуз на слепи лица; Љатифе Шиковска, НВО АМБРЕЛА; Билјана Бејковска, граѓанска активистка; Миша Поповиќ, граѓански активист и Институт за демократија; Александар Цеков, граѓански активист; Велибор Јакимовски, претседател на Здружението на лица со телесен хендикеп; Абдимсамет Џини, член на Здружението Мобилност; Сашко Тодоровски, претседател на синдикатот на МВР; Мартин Пановски, претседател на Асоцијацијата на архитекти; Ангел Димитров, претседател на Организацијата на работодавачи на Македонија; Марјана Перковска, претседател на текстилниот кластер; Ристо Велков, Сојуз на синдикатите на земјоделските производители; Филип Котели, претседател на Здружението на воените и полициските ветерани; Златко Димитровски, МОСТ; Џабир Дерала, Цивил; Милош Митревски, НВО Извор Кратово; проф-др Златко Николовски, претседател на Центарот за информатичка поддршка Нов Контакт; Стојан Петрушевски, претседател на Сојузот на борците од Тетово; Ива Апостоловска, Еко движење Ајде Македонија и др.

Во категоријата *„Други субјекти"* се кодирани изјавите и активностите на: Макпетрол; Зоран Витанов, стопанственик, Асоцијација на менаџери; Игор Крцоски, претседател на МЗ Мешеишта; Сашо Дуковски, адвокат; Благоја Пеповски, адвокат; Владиката Петар; Игор Александров, Здружение на македонските заедници во Австралија; Панче Крстев, полицаец во пензија; Страшко Стојменовски, татко на војник загинат од ЈНА; Таки Фити и Владо Камбовски, МАНУ; Горан Рафајловски, претседател на Стопанска комора на Македонија; Дарко Мославец, декан на Градежниот факултет од Скопје; Михаел Гаревски, Институт за земјотресно инженерство; Ралф Нејдел, Дојче Телеком; Слободанка Јосифовиќ, Македонски Телеком; Јана Никодиновска, Еуромас; Драган Пелтечки, Еуромакс рисорсис; Васка Бајрамовска Мустафа, заменичка народна правобранителка; Свис Ерлајнс; Визз ерр Шех Ерлајнс; Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ; Душевната болница Демир Хисар; Народниот правобранител Иџет Мемети и др. Оваа категорија е застапена со 29 минути и 41 секунда.

Како третозастапена категорија со време од 17 минути и 37 секунди во овој извештаен период се појавува „Судството" преку прилозите поврзани со: зградата која ја гради претседателот на Кривичниот суд Владимир Панчевски, анализата за тоа што содржи тужбата на судијата Иван Џолев поднесена против Панчевски, оштетата која ја бара претседателот на Кривичниот суд поради уривање на доградбата, судискиот бунт од 13 судии кои се кренаа против претседателот Панчевски, Судскиот совет за пријавите на судиите, активностите на трудовата инспекција по обвинувањата од Горан Стаменковски дека бил деградиран од службата; затвореничката која се породи и која е привремено пуштена; одложениот судски процес против учесникот во протестите на „Шарената револуција" Павле Богоевски; возачот на градоначалничката на Тетово Теута Арифи кој беше осуден па судот го ослободи; одлагањето на првиот предмет на СЈО во кој е обвинет лидерот на ВМРО ДПМНЕ за после изборите; вонредната седница на Судскиот совет за оценување на кандидатите за претседател на Кривичен и Врховен суд и др.

Групата амбасадори/меѓународни организации/странски политичари е застапена со 13 минути и 51 секунда, а со речиси иста минутажа е и категоријата „ДИК и други органи" (13 минути и 33 секунди) присутна преку повеќе активности поврзани со подготовките за Предвремените парламентарни избори.

Со застапеност од 12 минути и 8 секунди е методолошката категорија *„Без субјекти"* во која се кодираат прилозите кои се потпираат на изјави од граѓани поврзани со различни теми: „Протест на поранешни вработени на Газела", „Блокиран автопатот Скопје – Тетово поради „Југохром"; „Затвореничката која се пораѓи привремено е пуштена"; „Жителите на Нисторово одсечени од светот"; „Намалување на цената на горивата"; „Пукање од возила на Партизанска, еден ранет"; „Македонските граѓани сакаат повеќе да гласаат за демократија"; „Иселување од Битола, се повеќе битолчани во странство" и др.

Изјави на категоријата „*Експерти/аналитичари*“ се вклучени во голем број прилози, посебно во оние што ги третираат актуелните теми. Во овој извештаен период во рамки на вестите се емитувани изјавите на: Злате Димовски, безбедносен експерт; Марјан Петревски, универзитетски професор; Никица Мојсовска Блажески, универзитетски професор; Јордан Шишовски, аналитичар; Владимир Божиновски, аналитичар; Мерсел Биљаљи, аналитичар; Владимир Филиповски, универзитетски професор; Никола Поповски, универзитетски професор; Исмет Рамадани, професор и аналитичар; Драге Јовановски, експерт по трудово право; Александар Даштевски, професор; Јордан Митровски, поранешен судија; Сашо Пешев, експерт; Виктор Фридман, американски професор по македонски јазик; доктор Никола Пановски, микробиолог и др.

Од политичките партии најмногу време е одвоено за ВМРО ДПМНЕ (9 минути и 34 секунди) и за СДСМ (7 минути и 34 секунди). Покрај нив во вестите има информации за уште 15 политички субјекти (ДУИ; ППД; СДПМ; НДМ; ДПА; Коалиција за промени и правда; ЛП, Коалиција Унитети, ДПА-ДР и НДП – Весел Мемеди; Коалиција преродба со Беса; Коалиција ВМРО за Македонија; ПДП; Левица; ДС; Беса и НДП), присутни преку прес-конференции, изјави, соопштенија или реакции.

Во анализираниот период емитувани се и два прилога емитувани еден по друг обработени преку аналитички жанрови. Првиот е од вестите од 13 ноември 2016 година (18:37:11 – 18:40:05) и е анализа на кандидатите на партиските листи за пратеници. Во прилогот се појавуваат политичките аналитичари Владимир Божиновски и Мерсел Биљаљи, а разговараат за темата: Лукави стратегии или гола борба на власт. Во овој прилог медиумот дава свој авторски коментар за спротивставените мислења на двајцата аналитичари. Вториот прилог (18:40:05 – 18:43:59) е насловен „Каква изборна програма и треба на економијата?“ Медиумот прави анализа на економските програми на партиите поткрепени преку мислењата на стопанственикот Зоран Витанов и универзитетските професори Владимир Филиповски и Никола Поповски.

Редовно во овие вести се присутни и најави за дневните изданија на актуелно-информативната програма „ТОП ТЕМА“, кои не се дел од времето прикажано во Табела 1.

Во повеќето прилози, медиумот настојува да обезбеди различни гледишта и мислења.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| ТВ Телма | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:05:12 | 7,70 | % |
| СДСМ | 00:01:03 | 1,56 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:08 | 3,16 | % |
| Беса | 00:00:45 | 1,11 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:09:08 | 13,53 | % |
| Други субјекти | 00:11:00 | 16,29 | % |
| Граѓански сектор | 00:17:00 | 25,18 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:07 | 1,65 | % |
| СДПМ - Социјалдемократска партија на Македонија | 00:01:06 | 1,63 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:37 | 2,39 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:38 | 0,94 | % |
| Влада на РМ | 00:01:29 | 2,20 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:45 | 5,55 | % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:37 | 0,91 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:22 | 2,02 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:09 | 1,70 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:01:56 | 2,86 | % |
| Специјално обвинителство | 00:02:31 | 3,73 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:59 | 4,42 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:10 | 0,25 | % |
| Левица | 00:00:12 | 0,30 | % |
| Либерална партија | 00:00:09 | 0,22 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:06 | 0,15 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:00:05 | 0,12 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:17 | 0,42 | % |
| | **Вкупно: 01:07:31** | **100** | **%** |

Временски најмногу директни обраќања им се дадени на категориите *„граѓански сектор"*,*„други субјекти"* и *„експерти/аналитичари"*.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

**ТОП ТЕМА**

На 11 ноември 2016 година, веднаш после полноќ репризирано е изданието на емисијата „ТОП ТЕМА" со водителката Оливера Трајковска. Гости беа: Бојан Маричич, извршен директор на Македонскиот центар за европско образование; Уранија Пировска, извршна директорка на Хелсиншки комитет и Ана Петрушева, новинарка на Берн и Призма. Водителката ја најави темата на следниов начин: „Презентацијата на извештајот за напредокот на Македонија на Европската комисија во седиштето во Скопје на евроамбасадорот Жбогар, збирно може да се претстави како извештајот е мрачен како и состојбите во земјата, но тоа не е никаква новина, извештајот минатата година ги содржеше сличните одредници, тој исто така доби условена препорака која што требаше да биде одмрзната по изборите на 24 април. Со оглед на тоа што целата година беше посветена во натегање ќе има или не избори кој треба да отскочат дел од процесите, обврските од тој извештај кои беа адресирани како спроведете ги итните реформски приоритети и обврските од Прибе и преостанатите обврски од договорот од Пржино, препораката ќе биде одмрзната. Ништо од тоа не се случи. Оваа година Европската комисија е во нова авантура да пронајде на својот радар некаква нова алка и да се задржи во некаква комуникација со властите во Скопје. Повторно условена препорака, но овојпат редоследот е малку поинаков, велат прво фер и демократски избори, а потоа кредибилна влада која ќе може да се посвети на истото. Итни реформски приоритети и спроведување на останатите обврски од Пржинскиот договор. Се разбира во овој извештај има и малку посилни квалификации од тие што ги видовме минатата година, но сумарно тој се задржува во истата претстава за Македонија..."

Истиот ден со почеток во 19 часот и 20 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА" поделено на два дела со водителот Борјан Јовановски и водителката Ивана Драгичевиќ. Во првиот дел водителите ја започнуваат денешната емисија со следниве теми: „Луѓето од Западен Балкан уште ја гледаат перспективата на нивната земја во Европското друштво како единствена насока и одржлива опција за нивната иднина. Сепак, разочарани се од нивната иднина. Ова е лошо и за луѓето кои работат во Европската Комисија како Г.Валден Аксел Сотирис". „Комисиските служби ги презентираат своите извештаи за секој кандидат и потенцијален кандидат и некои приоритети во реформите. Но дали овие извештаи се доволни за да поттикнат вистински промени?" За овие теми за дискусија во студиото беа гостите: Тоби Волфган, аналитичар од Центарот за политички истражувања; Едуард Кукан и Дубравка Шуица, двајцата дел од Европскиот Парламент. Вториот дел започна со следниве прашања: „Западните европски демократии имаат добро развиени цивилни општества, силни политички партии и медиуми кои не можат да застанат спроти присутните предизвици на континентот. Но 12 години после т.н Биг Бенг на проширувањето на ЕУ, повеќе недостатоци излегуваат на површина". „Покрај очекувањата од демократизацијата на Источна Европа

државните процеси се развиваат во спротивна насока од очекуваното. Авторитарни претензии се видливи во Унгарија и Полска. Што тргна наопаку? Кои лекции можат да се научат од оваа декада? Која е вистинската улога на ЕУ во демократизацијата на општествата?" Гости кои одговараа на зададените прашања беа: Ана-Клаудија Тапардел, од „Социјалист", Член на Европскиот Парламент од Романија и Душан Павловиќ, член на Српскиот Парламент од движењето „ДОСТА БЕШЕ". Репризното издание беше емитувано на 12 ноември 2016 година.

На 14 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 18 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски поделена на два дела. Првиот дел беше краток исечок од интервјуто со Бранко Петров, македонец од Швајцарија, во целост емитувано на 16 ноември 2016 година. Вториот дел од емисијата беше со професорите Сефер Тахири и Никола Дујоски и новинарите Драган Антоновски и Гоце Трпковски. Прашања на кои се дебатираше преземени од телопот беа: „Груевски против Заев, дали е тоа премиерска или губитничка трка за двајцата"; „Ахмети го каменуваа во Куманово, колку лидерот на ДУИ го има сопственииштвото врз албанските гласови"; „Пендаровски и Попоски во изборната единица, може ли урбаните и самосвесни гласачи да им пресудат на манипулациите од владејачката коалиција"; „Георгиевски и Трајанов единствени центарфори, чиј гол ќе го атакуваат, кон ВМРО ДПМНЕ, врз СДСМ, или за неопределените." Репризното издание беше на преодот помеѓу 14 и 15 ноември 2016 година.

На 15 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 12 минути, се емитуваше премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" со водителот Боби Христов. На најавната шпица од оваа емисија, темите беа претставени преку следниве прашања: „Што говорат партиските листи за кадровските и програмските политики на партиите?"; „Зошто се занемарија идеолошките бариери во формирањето на предизборните коалиции?"; „Што ќе доминира во кампањата, микропроекти за подобар живот или макро стратегија за ослободување на заробената држава?" Гости беа: Катерина Колозова од Институтот за општествени и хуманистички науки; Митко Гаџовски, политиколог и Алберт Муслиу, политички аналитичар. Репризното издание беше на преодот помеѓу 15 и 16 ноември 2016 година.

На 16 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 20 минути, се емитуваше премиерно издание на емисијата „ТОП ТЕМА" со водителот Александар Чомовски овојпат реализирана како интервју со Бранко Петров, најавен од водителот како „струмичанец, гастербајтер од Швајцарија, или швајцарец што се почесто се враќа во Струмица." Темите поврзани со гостинот се: „Како и на каков начин му исчезнаа, му ги земаа, му ги украдоа шестотини и пеесет илјади швајцарски франци од штедната книшка. Како и на каков начин се поврзани официјалната и неофицијалната мафија и подземјето, судии, нотари, извршители, адвокати, како тие функционираат на ниво на централа, зошто и што му рекоа Чавков, Зврлевски, како му одговориле од МВР, што му одговорил или му напишал Никола Груевски во преписката со Петров." Репризата беше на преодот помеѓу 16 и 17 ноември 2016 година.

На 17 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 18 минути, емитувано е премиерно издание на „ТОП ТЕМА" со водителката Оливера Трајковска. Гости беа: Мери Младеновска, поранешна министерка за правда, денес адвокат; Вера Коцо, поранешен судија на Врховниот суд, во емисијата како претставник на Институтот за човекови права; Раде Јовчевски, адвокат и поранешен судија. Најавата на водителката на главните теми на кои ќе се дебатира беа: „Последните настани во и околу Кривичниот суд Скопје 1 и рољата на претседателот на судот Владимир Панчевски само недвојбено и директно ги потврдија оценките кои веќе подолг период ги изрекуваат и домашните експерти, а можете да ги прочитате и во Извештајот на Европската Комисија и минатата година и оваа година, но аутистичните судски власти во континуитет одбиваат нешто од тие извештаи да го сфатат сериозно и да почнат со чистењето на судските аоли од сите напластени проблеми кои дефинитивно во овој момент македонското судство прочитано низ забелешките во Извештајот на Европската Комисија го претставуваат како во куќата на Јустиција нема правда. Се разбира во забелешките како најважни се нотираат унапредувањата кои што се резервирани за оние чии што одлуки го фаворизираат политичкиот естаблишмент. Има тука уште серија на забелешки кои покажуваат како за високо профилните судски процеси се заобиколува и електронскиот систем на распределба, тоа недвојбено

покажува дека во судството има наши и ваши и дека спрегите и врските со извршната власт се оние кои што на една неодговорна политика и го чуваат грбот во македонското судство. Ако на тоа додадеме дека во македонското судство ако се направи сериозно истражување ќе видите неверојатна роднинска, цели семејни стебла, кои што се испреплетени од основните судови до апелација, Врховен суд, Уставен суд и ако на тоа ги додадете уште и врските со Јавното обвинителство станува јасно зошто во Извештајот на ЕК оваа институција се оценува како заробена. Кој е тој чекор што ќе направи коперникански пресврт, возможен ли е или сеуште ќе чекаме на тивок бојкот и можност внатре во институциите да се случи тој пресврт. Опозицијата најавува дека за нив решението за почеток е нов генерален реизбор на судиите, а потоа тие да се стекнат со некаков внатрешен интергритет во кој вратите за политиката би можело дефинитивно да бидат затворени. Звучи скоро како она космодиск изгледа шашаво ама по малку функционира, но тоа е понудата на СДСМ, во услови на предизборие прилично молк околу толку важна тема како да се направи првиот чекор, а не е неважно, таа заслужува сериозни одговори кои треба да стигнат и од внатре и од практичарите и од адвокатите и од луѓето кои што бараат правда кои што низ своите искуства многу недвојбено знаат како во Македонија во последните години правдата стана напросто недостапна." Реприза се емитуваше на 18 ноември 2016 година.

На 18 ноември 2016 година, со почеток во 19 часот и 15 минути, премиерното издание на дебатната емисија „ТОП ТЕМА" беше со водителот Боби Христов. Гости беа новинарите Горан Михајловски од порталот „сакам да кажам.мк" и Борјан Јовановски од тв порталот новатв.мк и двајцата адвокати Оливер Вуксановиќ и поранешниот член па претседател на антикорупциска комисија, а сега адвокат Драган Малиновски.Темите беа претставени преку следниве прашања: „Над пет илјади телефонски броеви биле прислушувани во УБК, специјалното обвинителство со нова истрага Таргет, се расплетува ли јазолот околу прислушувањето, дали новата истрага ги става во архива теориите за странски служби и за платеници на Заев." Репризното издание беше на 19 ноември 2016 година.

**КОД- Клуч на вистината**

На 15 ноември 2016 година, со почеток во 14 часот и 35 минути, емитувано е постаро издание на емисијата „КОД – Клуч на вистината" со Снежана Лупевска. Темите беа: Обични луѓе, необични настани, емисија за годишнината од самостојноста на Македонија.

***Сектор за програмски работи***